УНИ-ФОРМ
ЗДРУЖЕНИЕ НА ЖЕНИ ОД БЕЗБЕДНОСНИОТ СЕКТОР

uniform.mk

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ 2023/24

## ВОВЕД

Здружението на жени од безбедносниот сектор УНИ-ФОРМ -Скопје преку својата работа се залага за промовирање, унапредување и зајакнување на свеста за родовите прашања во безбедносните структури во Република Северна Македонија,борба против корупцијата преку делување на своите членови како и зголемување на довербата на јавноста кон безбедносните структури преку зголемување на нивна транспарентност, отчетност, ефикасност и ефективност кое може да се постигне преку зајакнување на улогата на невладиниот и граѓанскиот надзор како коректор на постапувањата на разузнавачко безбедносен сектор.

## АКТИВНОСТИ НА ЗДРУЖЕНИЕТО УНИ-ФОРМ

На почетокот на 2023 година врз основа на донесените одлуки на Собранието одржано на 15.12.2022 година беа преземени активности за промени во Централниот регистар на РСМ ( промена на органите на управување, евидентирање на вистински сопственик, дополнување на целите на здружението, промена на седиште на здружението и промена на е-маил адреса).По доставената целокупна документција промените во Централниот регистар е одобрена на 26.01.2023 година.



Со оглед на фактот дека Здружението УНИ-ФОРМ од неговото основање во 2019 година не беше активно, новиот состав на Управниот одбор во согласност со програмата за 2022/2023 година своите активности ги насочи кои неколку главни цели:

- **Промоција на Здружението;**
- **Учество на настани / конференции со активно партиципирање по добиени покани од државни институции,меѓународни организации и невладини организации;**
- **Учество на работилнци од едукативен карактер за подигање на капацитетите на членовите на здружението;**
- **Остварување на соработка со странски и домашни партнери во остварување на целите на здружението;**

## Промоција на Здружението УНИ-ФОРМ

Промоцијата на Здружението во текот на 2023 година се одвиваше преку остварување на средби со претставници на различни институции, учество на конференции и настани за кои се добиени покани за присуство на членови на здружението и тоа:

- **На 27 февруари 2023 година** пет претставнички на Здружението оствариja работна средба со заменичката на претседателот на Владата на РС Македонија задолжена за политики на добро владеење. На средбата се истакна дека професионалното искуство и знаење се важни сегменти во борбата со корупцијата и организираниот криминал и соработката на Владата со граѓанските организации ќе помогне во зајакнување на капацитетите во справувањето со корупцијата со крајна цел да се обезбеди вклученост на сите граѓани во градењето правично општество, како и да се искористи интегритетот и потенцијалот на жените.

- **На 07 април 2023 година** остварена е работна средба со Директорката на Царинската Управа на Република Северна Македонија на која беа претставени целите на здружението и беше разговарано за можностите за идна заедничка соработка за зајакнување на капацитетите во делот на родовата еднаквост,анти-корупција и зголемување на довербата на граѓаните кон безбедносните структури.

- **На 20 април 2023 година** од страна на четири претставнички од Здружението остварена е работна средба со Министерката за труд и социјална политика. Средбата беше остварена со цел промовирање на Здржението и евентуално вклучување во тековни проекти поврзани со родовата еднаквост и родовата перспектива. На сердбата беа презентирани програмските цели на здружението, родовите аспекти во областа на безбедноста, како и можностите кои ги нуди дигитализацијата на процесите во борбата против корупцијата и идеи како Здружението да се вклучи во вмрежување со меѓународни организации како UN Women, OSCE и други организации кои поддржуваат активности насочени кон унапредување на родовите прашања во РС Македонија.

**Јавни настапи**

Претседателката на Здружението УНИ-ФОРМ на 21 ноември 2024 година зема учество во емисијата на ТВ АЛФА „ЗА или ПРОТИВ" на тема **„Спојување на Агенцијата за национална безбедност и Агенцијата за разузнавање"** со стручна дискусија со јасно дефинирање на За, Против и Како!




**Учество на настани и конференции по добиени покани од државни институции,меѓународни организации и невладини организации:**

- Учество на три претставнички на Здружението УНИ-ФОРМ на конференцијата „Униформа, оклоп кој значи ранливост-нашата секојдневна борба на два фронта" која се одржа **на 6 март 2023** година на Факултет за безбедност – Скопје, Универзитет "Свети Климент Охридски" -Битола .
- На покана на заменичката на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжена за политики за добро владеење, пет претставнички на Здружението земаа учество на промоцијата на Форумот на жени лидери од Југоисточна Европа за добро

владеење и антикорупција, која се одржа на **23 март 2023 година** во Хотел Хилтон, Скопје. Форумот се формира на иницијатива на заменичката на претседателот на Владата задолжена за политики на добро владеење, поддржан од UN WOMEN, RAI и UNODC. Целта на Форумот беше да се создаде регионална мрежа на жени лидери кои се стремат да го зајакнат лидерството на жените во општеството, преку професионален развој и меѓународно вмрежување за размена на најдобри практики, искуства и взаемна поддршка заради градење подобри општества за сите.



- На покана на Женевскиот центар за управување со безбедносниот сектор ДЦАФ две претставнички на Здружението земаа учество на настан за промоција на Планот за интегритет на Министерството за внатрешни работи (2023-2025) изработен од Одделот за внатрешна контрола,криминалистички истраги и професионални стандарди на МВР во соработка со ДЦАФ, кој се одржа на 26 Јуни 2023 во Хотел Лимак во Скопје.
- По добиена покана од заменичката на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжена за политики за добро владеење четири претставнички на Здружението УНИ-ФОРМ присуствуваа на Регионална Конференција на Форумот на жени лидери од Југоисточна Европа за добро владеење и антикорупција, на тема „Зајакнување на жените и младите во борбата против корупцијата и во вградувањето на европските фундаментални права и вредности во регионот" која се одржа во Скопје, на **22 септември 2023 година.**
- Претседателката на Здружението УНИ- ФОРМ имаше свое обраќање на тема **„ Зајакнување на улогата на жените во безбедносниот сектор"** на Семинарот за родови прашања во приватниот безбедносен сектор со наслов „Портокалов цвет„ кој се одржа на 27.11.2023 година во Скопје во организација на Комората за приватно обезбедување. На овој начин

Здружението УНИ-ФОРМ се вклучи во проектот Портокалова дланка-обединети во активизам против насилството врз жени и девојчиња.




- Здружението УНИ-ФОРМ зема учество на Регионалната Конференција „Инклузивна гранична безбедност: перспективите на женските полицајци во Западен Балкан" која се одржа на **05 Декември 2023 година** во Скопје. Застапеноста и статусот на жените во граничната полиција во Западен Балкан, предизвиците како и професионалните можности беа главни теми на разговор на Конференцијата како завршен настан на регионалниот проект „Зајакнување на капацитетите на граничната полиција преку зајакнување на женските полицајци во Западен Балкан". На конференцијата **како панелисти зедоа учество две претставнички од Здружението**.

- Учество на "Конференција за надзорната улога на Народниот правобранител над разузнавањето и безбедноста" која се одржа на 08 ноември 2023 година во хотел Лимак, Скопје во организација на ДЦАФ - Женевскиот центар за управување со безбедносниот сектор и Народниот правобранител на Северна Македонија .

- Учество на членови на УНИ-ФОРМ на работилница во рамки на проектот за Сајбер безбедност и критична инфраструктура, со посебен акцент на Сајбер безбедносните стандарди, септември 2024 година.




- На покана на Факултетот за Безбедност преставнички од УНИ-ФОРМ учествуваа на тркалезна маса "Полиграфот како средство за детекција на психофизиолошки измами и негова промена во јавен и приватен сектор",октомври 2024 година.



**Учество на работилнци од едукативен карактер за подигање на капацитетите на членовите на здружението**

- Во периодот **15 до 17 јуни 2023 година**, претставник на УНИ-ФОРМ учествуваше на работилницата **Дигитална безбедност**, во организација на ИМПЕТУС – Центарот за интернет, развој и добро управување. На работилницата беа опфатени повеќе теми, почнувајќи од тоа како Интернет технички функционира, зошто е потребно управување со Интернетот, колку се безбедни личните податоци на Интернет, кои се заканите и ризиците за сајбер безбедноста, па се до потребата од доктор за дигитално здравје кој ќе дијагностицира колку се безбедни системите кои ги користиме. На работилницата беа дадени и препораки за користење на одредени апликации, Интернет прелистувачи и начини на автентификација кои се покажале побезбедни од оние кои вообичаено се користат.

- Претставник на УНИ-ФОРМ присуствуваше на настанот **„Усогласување на електронските услуги со Законот за заштита на лични податоци“**, кој се одржа **на 23 јуни 2023 година,** во организација на фондацијата Метаморфозис. На настанот се презентираа активностите и резултатите на проектот „Техничка и интегрирана заштита на личните податоци – градење инклузивен дигитален екосистем“, како и наодите и препораките од „Четврта оценка на усогласеноста на јавните дигитални услуги и алатки со Законот за заштита на лични податоци“. Во делот на вмрежувањето на овој настан, остварена е средба со претставници од Метаморфозис за согледување на можностите за добивање техничка помош кои оваа фондација ја нуди за граѓански организации.

- Учество на еден претставник на работилница на тема **„Генерирање на фондови-планирање проекти и пишување на проектна апликација“** организирана од страна на Граѓанскиот ресурсен центар од **26-27 окотомври 2023 година** на која беа опфатени следните теми :Раководење со проектен циклус,Планирање проекти насочени кон целите,Анализа и идентификација на проблеми и цели,Логичка рамка и Формат за аплицирање.

- Во организација на Фондацијата за интернет и општество-Мераморфозис, како дел од проектот **,,Заштита на човековите права во ера на вештачка интелигенција"**, на **12 февруари 2024 година**, во Скопје, една претставничка од Здружението учествуваше **на обука на тема ,,Влијанието на новите технологии врз остварување на дигиталните права"**, со посебен акцент на областите: Дигиталните права-разбирање на човековите права во контекст на користење на дигиталните услуги, Вештачката интелигенција корисна за технологијата, предизвик за регулаторите, Заштита на личните податоци во развојот и користењето на вештачката интелигенција и Етичките стандарди за развој и користење на вештачката интелигенција.

- Учество на четири претставнички на Здружението на настан кои се одржаа на 12 март 2024, во Општината Кисела Вода организиран од ЕВРОТИНК „Дијалози за работата на полицијата во заедницата" посветени на Скопскиот плански регион.



- На **08 април 2024 година** се одржа настан „Часовникот отчукува - Време е", во соработка со Факултетот за безбедност Скопје при УКЛО, организира настан „Часовникот отчукува - Време е", на кој беше претставено истражувањето за предрасудите и стереотипите кои ги спречуваат девојките и жените да влезат во патеките за кариера во сајбер-безбедноста. Целта на настанот беше да се поттикне дијалог за родовите политики, жените во професиите во кои доминираат мажи и да инспирира повеќе жени за сајбер работна сила.
  Повеќе професионалци, гости, стручни панелисти, професори и студенти се собраа за да се вклучат во дискусиите и да придонесат за подигнување на свеста за начините за зголемување на застапеноста на жените во сајбер доменот.
  „Со свои презентации настапија проф. д-р Марина Малиш Саздовска и проф. д-р Светлана Николоска од Факултетот за безбедност-Скопје".



**Остварување на соработка со странски и домашни партнери во остварување на целите на здружението**

Врз основа на остварена соработка со Канцеларијата во Скопје на **Женевскиот центар за управување со безбедносниот сектор ДЦАФ, три претставнички** од Здружението УНИ-ФОРМ земаа активно учество **на првиот циклус на работилници** во рамките на „Програмата за реформи во разузнавачкиот и безбедносниот сектор во Република Северна Македонија (2021-2026)" во делот на подобрување на работата на граѓанскиот сектор и тоа:

- Работилница на тема **„Инкорпорирање на човековите права во реформата на безбедносниот сектор"** за претставници на граѓански организации (ГО) и медиумите во Северна Македонија одржана која се одржа од **13-15 март 2023 година** во Берово. Работилницата беше дел од континуиран процес на градење капацитети за локалните граѓански организации и медиуми, со цел е да се оспособат да преземат проактивен пристап кон граѓанскиот надзор, застапувањето и независниот мониторинг кој придонесува за поодговорен разузнавачки и безбедносен сектор. Оваа обука опфати теми поврзани со правото на приватност, заштита на податоците и вклучување на родовата перспектива во граѓанскиот надзор.



- Помеѓу **26-28 април 2023** во Охрид, ДЦАФ организираше Работилница со повеќе чинители на тема **„Усогласување на парламентарниот надзор и граѓанскиот надзор над разузнавањето и безбедноста“**. На оваа работилница учество земаа пратениците и парламентарната служба на трите парламентарни комисии со мандат на надзор над разузнавањето и безбедноста и претставници на локалните граѓански организации и медиуми со цел да се зголеми разбирањето за нивните различни улоги во обезбедувањето добро управуван разузнавачки и безбедносен сектор.

- Во периодот од **01-03 јуни 2023 во** хотел Глориус Велес на работилница организирана од страна на **ДЦАФ** на темата "НАТО и ЕУ пристап кон реформата на безбедносниот сектор" учество земаа две претставнички на Здружението.На работилницата учествуваа претставници на локални граѓански организации и медиуми, на која се учеше како да се надгледува усогласеноста со стандардите на ЕУ и НАТО од страна на безбедносните служби и институции. Дополнително, преку интегрирани дискусии, учесниците стекнаа поголемо знаење за структурата на НАТО и ЕУ, воените аспекти на реформите во безбедносниот сектор и процесот на реформи во одбраната во Северна Македонија, како и процесите на реформи во правосудството и полицијата во контекст на поглавјата 23 и 24 од правото на ЕУ.

- Во организација на ДЦАФ три претставнички од Здружениеото остварија **работната посета во Берлин** во периодот **од 05-07 септември 2023 година** заедно со претставниците на други невладини организации и медиуми во Северна Македонија со цел да се разменат искуства за улогата на граѓанските организации и медиумите и парламентаринот надзор во управувањето и надзорот на безбедносниот сектор во Германија при што беа посетени ваков вид на организации и Парламентот на СР Германија.



- Помеѓу **18-20 октомври 2023,** ДЦАФ организираше работилница со повеќе засегнати страни со наслов **„Усогласување на реформите во безбедносниот сектор и реформите во правосудниот сектор во Северна Македонија“.** На работилницата учествуваа претставници од локалните граѓански организации/медиуми,парламентот (пратениците и службата) и правосудството (судиите и јавните обвинители) со цел да се зголеми разбирањето за улогите и одговорностите на секоја заинтересирана страна во обезбедувањето ефективно и одговорно управување со разузнавачкиот и безбедносниот сектор.

- Работилницата **„Развивање стандардизирани насоки за граѓански надзор над разузнавањето и безбедноста од страна на граѓанските организации (ГО) и медиумите“** беше организирана помеѓу **23 и 25 ноември 2023 година во Струмица** и на која активно учествуваа претставници на ГО,медиумите и Собранието. Оваа практична работилница беше дизајнирана да ги поттикне учесниците активно да придонесат во **развојот на заеднички стандардизирани насоки за ефективен граѓански надзор** над разузнавањето и безбедноста што може да го спроведуваат независни актери како што се невладини организации и медиумски професионалци во Северна Македонија.

- **На 15 декември 2023 година**, ДЦАФ организираше презентирање на финалниот заеднички производ за валидација на стандардизираниото **Упатство за граѓански надзор над разузнавањето и безбедноста од страна на граѓанските организации и медиумите во Северна Македонија**, кое беше развиено заеднички со претставниците на ГО и медиумите во Северна Македонија и на еден собраниски службеник во чија изработка учествуваа три претставнички на Здружението. Овие насоки се дизајнирани да служат како структурна рамка, во која се наведени принципите, стандардите и нормите за граѓански надзор над разузнавачкиот и безбедносниот сектор што беа дефинирани од претставници на ГО и медиумите во Северна Македонија. Насоките се практичен ресурс и треба да им помогнат на ГО и медиумите методично и систематски да се вклучат во демократски надзор над институциите на разузнавачкиот и безбедносниот сектор во Северна Македонија. Трите претставнички од Здружението добија сертификати за успешно завршената прва фаза од едногодишниот процес на градење капацитети за „Управување и отчетност во безбедносниот сектор".
- Во периодот **од 21 до 23 Март 2024** година од страна на ДЦАФ беше спроведена обука на тема: **"Следење и примена на индикаторите за ефикасност, транспарентност и отчетност на разузнавачкиот и безбедносниот сектор"** за претставници на граѓанските организации/медиумите во Република Северна Македонија и лица за односи со јавност од надзорните институции на која зедоа учество три претставнички од здружението.

- Во периодот од **13- 15 мај** од страна на ДЦАФ на Попова Шапка беше организирана **„Работилница за формален и неформален граѓански надзор на безбедносниот сектор меѓународно – правна перспектива"** .На работилницата се водеа дискусии за меѓународното право и реформите во безбедносниот сектор, истражувајќи ги клучните правни рамки и меѓународните заложби насочени кон подобрување на управувањето со безбедносниот,потоа се истакна потребата од нови законски решенија за мандат и поддршка на зголемената вклученост на граѓанското општество во реформите во безбедносниот сектор како и важноста од зајакнување на координацијата и размената на информации меѓу канцеларијата на Народниот правобранител, граѓанските организации и медиумите.

- Учество на три претставнички на УНИ-ФОРМ на работилница на тема **"Приватност и заштита на податоците во дигиталната ера: концепти, рамки и предизвици "** на која земаа учество претставници на Парламентот, граѓанските организации, медиумите и претставници на Народниот правобранител во Република Северна Македонија.Работилницата се одржа **13-15 ноември 2024** година, во хотел Рамада Гевгелија. На работилницата се водеа дискусии за концептотнна приватност и заштита на податоците , меѓународна, регионална и домашна правна и политичка рамка, правото на приватност и заштитата на податоците во дигиталната ера и во контекст постоењето на современи технологии за надгледување.



## ОБУКА ЗА ОБУЧУВАЧИ

Здружението УНИ-ФОРМ на покана на ДЦАФ со свои три претставнички се вклучи во процесот за обука за обучувачи: **„Градење на трансфер на знаење и одржлив надзор за граѓанските организации и медиумите во Северна Македонија"** дизајнирана да ги зајакне граѓанските организации (ГО), медиумските професионалци и собранискиот персонал фокусиран на односите со јавноста, со основни вештини и напредно знаење за ефективно ширење на информациите за управувањето и реформите во безбедносниот сектор и зајакнување на механизмите за надзор и одговорност. Со ова се овозможува претставнички од УНИ-ФОРМ да станат идните обучувачи да ги едуцираат и информираат другите во нивните институции, организации и мрежи и да се генерира поинформирано ширење на принципите и практиките на реформите во безбедносниот сектор во Северна Македонија.

**Првата обука**,  се одржа во Берово од **11-13 јули 2024 година**, и се фокусираше на основите на андрагогијата, теориите за учење на возрасни и карактеристиките на ефективни обучувачи.




**Втората обука**, која се одржа во Струмица од **19-21 септември 2024 година**, се фокусираше на стиловите на учење и методологиите на VARK за спроведување на проценки на потребите за обука. На овој начин се зајакнуваат  капацитетите за обука на претставниците на граѓанските организации и медиумите со цел да се прошири фондот на обучени лица за реформи и надзор во безбедносниот сектор, придонесувајќи за одржливо добро владеење и одговорност во разузнавачкиот и безбедносниот сектор.

**Третата обука** се одржа од **24-26 октомври 2024,** Хотел Рамада Гевгелија и истата се фокусираше на стекнување на знаење и разбирање на различните видови обуки, наставен дизајн (систематски развој на содржината на обуката), организирање на содржина за обука (структура и тек на материјалот) со практични вежби.



## ЕКСПЕРТСКА СОРАБОТКА

Како резултат на континуираната соработка во текот на 2023 година склучен е Договор за експертски услуги бр.23487 на 16.11.2023 година со ДЦАФ- Женевскиот центар за управување со безбедносниот сектор за дизајнирање, концептуализација и организирање на форум „Разговори за родот и безбедноста" со три панел дискусии: Родови предизвици и разузнавање, Родовите предизвици во полицијата, Родовите предизвици во одбраната и изготвување на збирен извештај.

**Првата панел дискусија** на тема **„Родови предизвици и разузнавање"** се одржа на **21 ноември 2022** година во Хотел Холидеј-Ин во Скопје, на која панелисти беа жени-претставници на разузнавачко безбедносните служби. На панелот се водеше дискусија за актуелните политики,практики и активности за вклучување на родовите перспективи во разузнавачко безбедносните служби.На панелот присуствуваа претставници од Агенцијата за разузнавање, Оперативно-техничката агенција, невладини организации и медиуми,академската заедница, претставници од Агенцијата за разузнавање и др .


DCAF
INTELLIGENCE AND
SECURITY SECTOR
REFORM PROGRAMME
IN THE REPUBLIC OF
УНИ-ФОРМ
ЗДРУЖЕНИЕ НА ЖЕНИ ОД
БЕЗБЕДНОСНИОТ СЕКТОР





**Втората панел дискусија** се одржа на **23 јануари 2024 година** во Хотел „Солун" во Скопје на тема **„Родовите предизвици во полицијата"** на кој панелисти беа претставнички од Министерството за внатрешни работи на РС Македонија. Целта на овој панел беше размена на мислења, ставови и идни перспективи за улогата на родот во полицијата, подигање на свеста за родовите прашања, соочување со предизвиците поврзани со родовата еднаквост при постапувањето на полицијата и политиките на Министерството за внатрешни работи во оваа насока. На настанот присуствуваа претставници на меѓународни организации ( ОБСЕ и МАРИ), невладини организации, медиуми, академската заедница, претставници од Министерството за внатрешни работи, Агенцијата за разузнавање и Канцеларијата на Советот за координација на безбедносно-разузнавачката заедница.


DCAF
DCAF
УНИ-ФОРМ



**Третата панел дискусија** се одржа на **29 јануари 2024** во Europe House во Скопје на тема **„Родовите предизвици во одбраната“** на која панелисти беа претставнички од Министерството за одбрана и Армијата на РС Македонија. Целта на овој панел беше дискусија за родовите перспективи во областа на одбраната, со посебен осврт на имплементацијата на Резолуцијата на Советот за безбедност на ОН 1325 за Жени, мир и безбедност и Националниот акционен план, за кои Министерството за одбрана е носител и координатор на процесот на изработката и планирањето. На настанот присуствуваа претставници на меѓународни организации, невладин сектор, медиуми, академската заедница, студенти и други.





**АКТИВНОСТИ НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ и УПРАВНИОТ ОДБОР на Здружението на жени УНИ-ФОРМ**

Претседателот на Здружението и Управниот одбор на здружението УНИ-ФОРМ континуирано во текот на 2023 и 2024 година работеше на остварување на програмските цели на здружението, остварување на Планот и Програмата за работа и одржуваше состаноци на кои се донесуваа соодветни одлуки за промоција, развој и раст на здружението. На состаноците на Управниот одбор се донесени следните позначајни одлуки:

| |
|---|
| 1. Предлог одлука за висина на членарината во Здружението и донесување на одлука за висина на членарината; |
| 2. Одлука за усвојување на изгледот на пристапница/отстапница; |
| 3. Одлука за усвојување на предлог логото на Здружението; |
| 4. Усвојување на изгледот на Face book профилот на Здружението и администрирање на профилот; |
| 5. Одлука за остварување на соработка со канцеларијата во Скопје на ДЦАФ- Женевскиот центар за управување со безбедносниот сектор од Швајцарија и учество на работилници; |
| 6. Потпишан Договор за експертски услуги бр.23487 на 16.11.2023 година со ДЦАФ- Женевскиот центар за управување со безбедносниот сектор за дизајнирање,концептуализација и организирање на форум „Разговори за родот и безбедноста" со три панел дискусии; |

| |
|---|
| 7. Одлука за продолжување на соработката со канцеларијата во Скопје на ДЦАФ Женевскиот центар за управување со безбедносниот сектор од Швајцарија и учество на работилници |
| 8. Одлука за за ангажирање на членови на Здружението УНИ-ФОРМ во договори за интелектуални и експертски услуги и проектни активности; |
| 9. Одлука за одмерување на висина на надоместок за ангажман; |
| 10. Одлука за ангажирање на експерти од УНИ-ФОРМ за реализација на Договорот за експертски услуги со ДЦАФ- Женевскиот центар за управување со безбедносниот сектор; |
| 11. Одлука за склучување на договори на дело за спроведување на активностите согласно Договор за експертски услуги бр.23487 на 16.11.2023 година со ДЦАФ- Женевскиот центар за управување со безбедносниот сектор ; |
| 12. Одлука да се дизајнира веб-страница на здружението за што беа прибрани соодветни понуди; |
| 13 Здружението е регистрирано со свој идентификационен број на сајтот на **EU CORPORATE NOTIFICATION SYSTEM;** |
| 14. Изготвување на потребна проектна документација и аплицирање за проект на Erasmus+ and European Solidarity Corps Organisation заедно со SI02 - Zavod MOVIT NA MLADINA (како партнери) со наслов **„ JUSTICE OUT of the BOX“** за промовирање на активно граѓанство, чувство на иницијатива кај младите и младинско претприемништво, вклучително и социјално претприемништвото. Цел на проектот е : зголемување на квалитетот, иновативноста и препознатливоста на младинската работа, човекови права и владеење на правото во траење од 12 месеци. |
| 15. Изготвувае на потребна проектна документација и аплицирање на повик за проект на ЕВРОТИНК подржан од Советот на Европа со наслов **„Подигање на свеста за значењето на класифицираните информации, законска рамка и правилно ракување и чување како и утврдената потребата од транспарентност на Владата и државните институции – креатори на класифицирани информации во делот на примената на Законот за класифицирани информации„** со главна цел: запознавање на граѓанските организации, медиумите и новинарите со значењето на класифицираните информации и зголемување на влијанието на јавноста (НВО, медиуми, народен правобранител и граѓаните) за поголема транспарентност на Владата и државните институции во делот на заштита на безбедноста на граѓаните.Проектот е предвидено да трае шест месеци. |

**Претседател на Здружение на жени**

**УНИ-ФОРМ**

Анита Трајковска

